*Кочани*

**Свети Ѓорѓи и ламјата**

Едн'о вр'еме им'ало н'екоја н'огу стр'ашна л'амја. 'Она излав'ала с'ека год'ина од-м'орето и траж'ила од-бл'искио гр'ат по-едн'а м'ома год'ишно курб'ан. 'Арно 'ама граѓ'аните едн'а год'ина забрав'иле да-ѝ-д'аат и куг'а излегн'ала л'амјата од-м'орето н'огу се-насрд'ила оти-н'ема курб'ан, улегн'ала у-гр'адо и из'ела стот'ина м'оми. Оттог'ај уплаш'иле-се граѓ'аните и одред'иле з'акон с'ека год'ина да-ѝ-ф'рл᾽ат на-л'амјата по-едн'а м'ома. И так'а д'ошло р'ед да-ја-д'аат м'омата на-едн'а удов'ица. 'Она си-нем'ала др'уго ч'едо, с'амо т'оа дев'ојче ѝ-б'ило едн'о у-м'ајка. Удов'ицата оќ'ела-неќ'ела мор'ала да-ја-одв'еде ќ'ерка-ѝ п'окаре м'орето. Чек'аеќи-ја л'амјата плак'але и вик'але на-с'ет глас. Доч'ул-ги св'ети Ѓ'орѓи и ведн'ага дош'ел да-в'иде ш'о-е т'аа раб'ота. 'Он нос'ил со-н'его ед'ен гул'ем буздог'ан. Пит'ал-ги зашт'о пл'акат и в'икат т'олку ж'ално. Удов'ицата му-р'екла: "Как'о да-не-в'икам и пл'акам ј'а завал'ијата? С'амо ов'аа м'омичка-ми-е от-ч'елат и на-н'еа ѝ-дојд'е р'ед да-ја-из'еде л'амјата, та ев'е довед'о-ја куг'а ќе-изл'егне л'амјата да-ја-ост'аам н'ека ја-из'еде ч'им так'а са-наред'иле гр'ацките з'акони". Тог'ај св'ети Ѓ'орѓи ѝ-реч'ел: "Нем'ој да-се-б'оеш, ј'а ќе-куртул'исам м'омата от-тав'а зл'о. Т'и 'иди-си д'ома, а 'она н'ека ост'ане м'алку да-ме-поп'оска, дод'ека не-изл'егне л'амјата од-м'орето". Удов'ицата си-от'ишла, а м'омата остан'ала т'ам да-го-п'оска св'ети Ѓ'орѓи. 'Он ѝ-нарач'ал: "Ако-засп'ијам, а-л'амјата д'ојде, ведн'ага да-ме-разб'удеш да-ја-ут'епам". Так'а поск'аеќи-го 'он засп'ал и у-т'оа вр'еме л'амјата фан'ала стр'ашно да-р'ика и да-изл'ава пол'ека од-м'орето. М'омата от-стр'а забрав'ила да-го-разб'уде св'ети Ѓ'орѓи и почн'ала ж'ално да-пл'аче и да-в'ика. К'ако-шо плак'ала, падн'ала-му едн'а с'ăза на-св'ети Ѓ'орѓи. 'Он от-тов'а се-расон'ил, стан'ал и утеп'ал сăс-буздог'ано л'амјата. Ведн'ага п'осле т'оа св'ети Ѓ'орѓи исчезн'ал, па м'омата си-отид'ела д'ома. Ц'аро куг'а науч'ил 'оти м'омата се-куртулис'ала и л'амјата б'ила утеп'ана, зем'ал-ја на-с'ин-му за-ж'ена и так'а от-сиром'ашка м'ома стан'ала цар'ица.